Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница одржана на ден 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-5588/1 од 11.12.2023 година, во која подносителот укажува дека општина ---------------- секторот за инспекциски надзор не постапува по својата надлежност и должност, односно не донесува управен акт врз основа на правосилни пресуди донесени од Управен Суд, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување.

Предметот со број 12-5588/1 од 11.12.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.12.2023 година од страна на ------------------------------------ од ------------------, доставена е пријава заведено под број 12-5588/1, против општина ---------------------, со наводи дека општината не донела управен акт врз основа на правосилни пресуди донесени од Управен Суд, во кои постапки засегната страна е подносителот.

Подносителот во пријавата бара ДКСК согласно своите надлежности да преземе дејствија за доставување на управните акти од страна на општина --------------------- до подносителот.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК утврди дека нема надлежност за постапување во предметниот случај поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј., советник

Одобрил: В.Г., член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,

Билјана Ивановска